РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 · 683/1
28 · 01 · 2026 год.-viti
Qëgjie - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 67 седница одржана на 16.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Енергија, економија и животна средина", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

1.Се акредитира студиската програма „Енергија, економија и животна средина", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и академски назив: Дипломиран економист насоката: Енергија, економија и животна средина /во меѓународен промет, академски назив: Bachelor in Economics Module: Energy, Economy and Environment.
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.02- Економија и бизнис, Научно – истражувачка област: 5.02.00.01 – Економија, 5.02.00.003 Менаџмент и бизнис.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 08-2222/5 од 10.07.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Енергија, економија и животна средина", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-3169/1 од 18.09.2025 година (наш бр. 08 – 683/1 од 26.09.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 40-та седницата одржана на 07.10.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 683/6 од 22.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 67-та седница одржана на 16.07.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Горан Марков